**Почитувани сограѓани!**

Ако не сакате да гледате на секаде расфрлан отпад и грда слика, не оставајте отпадоци  во природата, покрај реките, патиштата и мостовите!

Не оставајте отпад покрај контејнерите, туку во нив! Оставањето отпад надвор од садовите за собирање е казниво и создава дополнително непотребна работа на луѓето кои што се грижат нашиот град да биде чист! Ве молиме по одлагање на отпадот секогаш затворајте го капакот од контејнерот!







Не истурајте ја пепелта покрај контејнерите туку прво дома во метален сад и откако ќе се уверите дека нема да предизвикате палење истата одложете ја во контејнер!





Не оставајте градежен отпад и шут во и покрај контејнерите туку на депонија за градежен шут! Градежниот шут од контејнерите може многу сериозно да ги оштети возилата за собирање на отпад!









Пријавете несовесно и несоодветно одлагање на отпад во животната средина!

Да ги смениме нашите лоши навики на негрижа за природата и животната средина! Сите заедно треба да покажеме дека знаеме да се грижиме за природата, дека нам ни е важно таа и натаму да биде место за одмор и уживање и пред се да биде чиста и здрава! А и ние заедно со неа!

Да ги чуваме природата, градот и селата чисти и здрави!

Ви благодариме на соработката!

ЈКП Никола Карев Пробиштип
Општина Пробиштип





